**Весна Петреска**
**(Скопје, Република Македонија)**

# ДЕВЕРОТ - ПОСРЕДНИК ВО СРОДУВАЊЕТО НА ДВЕ СЕМЕЈСТВА

*Айстракт:* "Деверите" или "побратимите" или "братимите" играат важна улога во свадбените обичаи. Во минатото оваа улога ја изведувале блиски роднини на младоженецот, но не и неговите родени браќа, додека улогата на девер, во денешно време, во македонските свадбени обичаи ја имаат родените браќа на младоженецот, во случај тој да има браќа, но постојат и исклучоци кога оваа улога ја изведуваат блиски роднини.

*Клучни зборови:* девер, фамилија, свадба, Македонија

Со стапување во брак на две личности, се создаваат и нови сроднички односи меѓу нивните семејства. Меѓутоа, за да дојде до успешно сродување на двете семејства, неопходна е потребата од медијатори, посредници, кои ќе посредуваат во воспоставувањето контакт меѓу туѓите луѓе, туѓите семејства, гледани секој од свој аспект. Покрај многуте посредници во македонскиот свадбен обред (стројникот, бајрактарот, муштулџиите, кумот, кумата, стариот сват, старосватицата итн.), овде ќе ја разгледаме улогата на деверите или побратимите.

Деверите или побратимите или братимите заземаат важна улога во свадбениот обред. За разлика од современата македонска состојба на свадбата, каде што улогата на деверите ја вршат родените браќа на зетот, доколку ги има, а само во спротивен случај некои блиски роднини, во минатото оваа улога ја вршеле блиски роднини на зетот, но не родените браќа. Теренските истражувања вршени во повеќе предели на Македонија (Струшко, Охридско, Преспа, Железник, Кичевија, Порече, Прилепско, Битолско, Кумановско) покажуваат дека се настојувало еден од деверите да биде внук на свекорот, а другиот на свекрвата, (со што се запазувало сродството и по татко и по мајка) или, пак, таква улога можел да врши некој побратим на зетот уште од детството. Стариот побратим требало да биде женет, но никако вдовец или пак преженет, а помалиот да не биде женет. За нивната важна улога во свадбениот обред говори особениот начин на канење (со погача, накитена карта вино, неколкупати, најчесто, трипати). Побратимите (братимите, деверите) се постојано со зетот. Нивната улога се зголемува при секое најавување на преминот што го очекува зетот. Така, во обредното миење и бричење на зетот, деверите се должни да го забричат, како и при "променување на зетот во зетовското руво". Нивната улога на значајни посредници за да обезбедат успешен премин на зетот од една состојба во друга, ќе го видиме на неколку примери од Македонија. Така, во пределот Железник по бричењето на зетот, деверите му ги соблекувале чевлите и чорапите и ги префрлале преку ќумкот, доколку свадбата се правела зимно време - трипати или, пак, преку врата - летно време. Сличен на овој обред е оној што се вршел во с. Кривогаштани (Прилепско), кога двајцата девери ги соблекувале чевлите на зетот и ги префрлале преку главната греда на куќата.

Нивната улога на значајни посредници се зголемува при наредните обредни постапки, кои сè повеќе се доближуваат до преминот што ќе го има зетот. Затоа и се смета дека карактеристично за сите свадбени посредници е што тие мора први да допрат до куќата на невестата, пред да се појави самиот младоженец (1995 : А. Задрожињска, 142). Во овој контекст, можеме да ги спомeнеме обредните постапки при одење по невеста, кога тие се најчесто блиску до зетот; при пристигнување во

невестината куќа побратимите седат до зетот и во многу случаи го советуваат што да прави (особено постариот), по обредот "борење меѓу зет и шура", братот на невестата покрај тоа што го дарува зетот, ги дарува и побратимите, исто како што и невестината мајка при испраќање на својата ќерка, кога се поздравува со зетот, се поздравува и со побратимите. Братимите се тие што се присутни при обредот "деверисување на невестата". Тие ѝ ги даваат даровите на невестата (чевлите и венецот). Чевлите на невестата ѝ ги облекувал постариот девер. Фактот што чевлите на невестата ѝ ги дава деверот, како и во некои обичаи зачувани кај јужнословенските и другите словенски народи, невестата првата вечер или неколку вечери да спие со деверот, или пак со стариот сват, или со некој друг машки сват, во постарите истражувања се поврзува со времето на премин од матрилокален кон патрилокален брак, чија тенденција била машките сродници на зетот да имаат право на првата вечер со неговата жена (1956 : Ш. Кулишиќ, 228-234). Главниот приговор на овие истражувања е во тоа што тие не можат да објаснат зошто некаде невестата спие со свекрвата или со дете. Според мислењето на Е. Гаспарини, овде, пред сѐ, се работи за познатиот обичај консумацијата на бракот да се одложи за извесно време, (1956 : Ш. Кулишиќ, 232; цитирано по: E. Gasparini, *Nozze, società e abitazione degli antichi Slavi,* Istituto univ. di Ca Foscari, Venecija, str. 165-168.), со што се сложуваат и поновите истражувања, бидејќи првата ноќ, како гранична, е полна со неизвесности и опасности. (1993 : В. Јовановиќ, 150-151). Обичајот првите брачни ноќи невестата да ги спие со свекрвата или со друго женско лице може да ја одразува тенденцијата на забрана на однос помеѓу невестата и младоженските сродници, но во исто време, со овој обичај невестата на симболичен начин се врзувала за новиот дом и родот на мажот (1956 : Ш. Кулишиќ, 234). Според други автори, овој обичај се врзува со залажување на злите суштества.(1984 : Т. Ђорђевић, књ. 3, 337). Без да навлегуваме во генезата на обичајот, овде ќе се осврнеме на симболичката улога на чевлите. Чевлите се врзуваат за симболите на сопственичко право, патување во "оној" свет, но и во сите правци, докажување на идентитетот, полното созревање (Rjecnik simbola, s.v. cipela; 1986 : Dž. Kuper, s.v. cipela). Давањето чевли на невестата на самата свадба се толкува како власт и авторитет на младоженецот над самата невеста, а, исто така, таа е и негова сопственост. Ова оди во прилог на толкувањето на М. Мос дека со дарувањето се воспоставува хиерархиски однос, се покажува супериорност, тоа значи да се биде поголем, повисок; да се прифати, а да не се возврати, или да не се возврати во поголема мера, значи да се подредиш на некого (1982 : M. Mos, II, 207). Симболиката на чевлите сврзана со "оној свет", како и симболот на патник, главно доаѓа од западните земји, од каде што е веројатно, и обичајот да се ставаат чевли или чизми во каминот за примање на божиќни дарови (Rjecnik simbola, s.v. cipela). Бидејќи во сите преодни обреди главната идеја е одењето во оној свет и повторното раѓање, оваа симболика одговара и овде, бидејќи со мажачката невестата се разделува од нејзиниот момински живот и преминува во нов. Веројатно затоа и во сите преодни обреди поврзани со животниот циклус улогата на чевлите или на какви било обувала е голема (месење постапалки за проодено дете, облекување нови чевли на покојникот). Симболот на идентитет најмногу доаѓа до израз во приказната за Пепелашка, "онаа девојка на која ќе ѝ биде точен чевелот, ќе биде жена на принцот". Некои толкувачи, главно психоаналитичари, во овој симбол на идентитет виделе симбол на полност или само симбол на сексуални желби што ги буди стапалото. Гледајќи го стапалото како фалички симбол, во чевлите го гледаат вагиналниот симбол (Rječnik simbola, s.v. cipela; s.v. stopalo; 1979 : B. Betelhajm, 292-295). Психоаналитичарите во иста светлина го гледаат и свадбениот обред на разменување прстени меѓу младите (1979

: B. Betelhajm, 295). Меѓутоа, и во нашиот случај со свадбениот обред, симболиката на стапалата и чевлите со полното созревање на невестата, но и на момчето е очигледна. Симболичката улога на нозете и обувките, т.е. чевлите главно се заснова на нивниот допир со земјата, т.е. на врската со земјината плодност (1996 : Љ. Раденковић, 19, 21). Оваа врска со плодноста е уште повеќе зголемена, со тоа што чевлите ѝ ги облекува постариот девер, кој е оженет, кој веќе се покажал како личност која има удел во плодноста, односно кој бил во допир со непознатото, со хтонското, бидејќи, според народните претстави од хтонските сили зависи и плодноста. На оваа симболика се надоврзува и обредот вратата на невестината соба да ја турка деверот, бидејќи вратите влегуваат во системот на гениталната симболика (на пр. клуч и клучалка), а отворањето врата во текот на свадбата во определена мера ја симболизира и дефлорацијата (1983 : А. Байбурин, 13-139). Поткрепа на ваквото толкување авторот наоѓа во резултатите од истражувањата на О. Фрајденберг (*Поэтика сюжета и жанра.* Ленинград, 1936, стр. 211) која смета дека во земјоделскиот период вратите ја означувале мајчината утроба и вулвата, а во фолклорот женскиот генитален орган е познат како "врата".

Улогата на деверите ја гледаме и при изведување на невестата, како и во наредните обреди околу нејзиното воведување во новата куќа, сè до моментот на целосното прифаќање на невестата во новото семејство. Така, откако браќата ја изведуваат невестата - нивната сестра, и ја допратуваат до црквата или, пак, до половина пат, по тоа ја преземаат деверите. При воведување на невестата во новата куќа, побратимите на невестата и на зетот им впрегнувале јарем, со цел подеднакво да го носат товарот во понатамошниот живот. Тие се тука и при сведувањето на младите, особено постариот девер, кој во Кумановско е познат и како "младожењски момак", кој веќе поминал низ тој пат и го "подучува" младоженецот. Во овој случај, постариот девер го воведува зетот во кругот на оженетите мажи, за целосното негово примање во овој круг да биде по "успешно" завршената работа. Со овој чин зетот се потврдил веќе како зрел маж.

Постариот девер постојано ги потсетува младите во текот на ноќта на обврската што мораат да ја исполнат, а и наредното утро тој треба да ги разбуди младите. Зетот, заедно со побратимите и свирачите, оди да ги извести родителите на невестата за чесноста на нивната ќерка. Затоа и можеме да се сложиме со А. Задрожињска која вели дека за време на сите венчални настани побратимите можат да го застапуваат младоженецот кога влегуваат во игра обредните поворки, како со гостите така и со туѓите, додека не го застапуваат во оние обреди кои на свадбата го означуваат текот на индивидуалната иницијација на младоженецот: "бричење на младоженецот", неговото миење, патувањето по невестата. Затоа тие и претставуваат негови обредни двојници, ги примаат неговите права и обврски. (1995 : А. Задрожињска, 141).

Во периодот додека младите ја вршат нивната брачна должност, постоел обичај деверот или, пак, некој друг член на свадбата, одвреме-навреме да прислушкува на вратата. Според народното верување, ова се правело со цел децата на младиот брачен пар да не бидат глуви. Овој обичај, веројатно, произлегува од функцијата што ја имал гласот во историјата на културата. Така, во космогониските митови гласот бил на почетокот на создавањето на космосот, затоа што светлоста и гласот се во спротивност со мракот и тишината. Гласот и светлината се обележје на човечкото или на овој свет, додека темнината и тишината го претставуваат дивиот и хтонски свет (1996 : Љ. Раденковић, 27). Затоа и при сведувањето на младите се извршувале обредни активности што имале за цел да доведат до нивно проговорување. Кажано со обреден јазик, сведувањето на младите и вршењето на

нивната должност е проследено со неизвесност, односно со влегување на младите во хтонскиот свет, а наслушувањето (да се чуе глас) треба да им обезбеди на младите успешен влез во човечкото, во овој свет, бидејќи деверот или некоја друга личност што наслушувала ја имале улогата на "чувари" на границата на дивиот и социјалниот простор и тие биле и противници на нечистите сили (1996 : Љ. Раденковић, 40). На оваа опозициона двојка природа/култура многу убаво одговара и обредната практика што се вршела во повеќе предели на Македонија. Имено, по носењето невестата на огниште, неа ја земал деверот и ја носел во собата каде што ќе спиеле со зетот. Врската природа/култура, е зајакната, со самиот факт што во најголем број случаи младите спиеле во кералот. Оваа опозиција може да се проследи и при воведување на невестата од дворот во куќата, кон централните делови на просторот од куќата (огништето и ноќвите), за да се стави потоа повторно во кералот каде што најчесто спијат со зетот, а излегувањето оттаму е наредниот ден, по освојувањето на женската територија од страна на зетот; или, пак, на вертикално ниво, ако се земе фактот дека во минатото неколку години или некое време спиеле во одвоени простории, односно кај стоката, што можеме да го поврземе со времето на раѓање на дете, тогаш оваа опозиција природа/култура означува дека целосното воведување во човечкиот свет е направено откако младите се способни да обезбедат потомство.

Прифаќањето на невестата во новата заедница настанува со објавување на нејзината чесност, која најчесто се објавувала со кршење на некој сад или, пак, пукање од пушка и во многу случаи оваа обредна активност ја вршеле деверите. Така во Кумановско чесноста на невестата се објавувала со кршење каленица од страна на младоженскиот момок, а со тоа кршење, тој воедно ја повикувал и свекрвата да дојде (2000 : В. Петреска, 351.).

Посредничката улога на деверот при сродувањето на двете семејства, најилустративно ни ја покажува обредот што се вршел во Мариово при дарувањето на свекрвата од страна на невестата. Така, во тој момент, деверот "ја давел свекрвата со кошулата", за да изнуди поголема сума пари за тоа што ѝ донел невеста. Таа, сакајќи да го избегне давањето пари, велела: "Сѐ што имав, сѐ ѝ дадов, зар малце ѝ е, ѝ ја дадов кацијата, црепните, вршникот, фурката, иглите, ноќвите, букарот, ситото. (Сите овие предмети влегуваат во домен на женската продуктивност - м.з.). Како најважно ѝ дадов и биче со едно рогче" (1962 : М. Ристески, V, 40) (мислејќи на нејзиниот син), по што настанувала смеа. Нивната посредничка улога, но истовремено и нивната улога за "конечно" разделување на невестата од нејзиното семејство, многу убаво е искажана во обредот што се вршел во Кумановско. Така, мајката на невестата се известувала за чесноста на нејзината ќерка со испраќање на блага шарена погача, блага ракија; а за сите девојчиња во селото невестата испраќала китки од босилек. Оние што ги носат китките, погачата и ракијата кај мајката на невестата се викаат девери, киткари (с. Орашац), а свекри (во с. Довезенце). Во вторникот наутро сестра на невестата ќе излезела на "свинско сретсело", кај што паселе свињите и ќе ги разделела китките што ги испратила невестата на девојките (2000 : Весна Петреска, 351-352). Ова може да се доведе во врска со демонските својства на свињата, односно со нејзината поврзаност со хтонскиот свет и култот на плодноста. За ова говори и фактот што девојките спроти некои празници (Ѓурѓовден или Нова година) изведуваат магиски обичаи со свињите заради мажење. На поврзаноста на свињата со култот на плодноста сведочи и божиќната печеница, по која се предвидувало како за напредокот на семејството така и за напредокот во земјоделските и сточарските работи (1970 : СМР, s.v. свиња и божиќна печеница). Тука им се пеела песна на деверите:

Ај создравје два ручна девра
Ај создравје два ручна девера
Ај создравје два ручна киткара / иј
Да носите многу здраво-живо
Да носите на нашата сестра / иј
Да не жали она да не плаче
Да не жали она да не плаче / иј
Кад ќе идемо на шарена чешма
њојни стомни ми ги носимо / иј
Кад ќе метемо широки дворови
с´ њојна метла ми ќе ги метемо./иј
(2000 : Весна Петреска, 352)

Посредничката улога што деверите ја имаат при разделувањето на невестата од нејзиното семејство и прифаќањето на новото семејство (со сите негови членови, вклучувајќи ги и деверите) како свое, ја гледаме и преку терминот со кој таа им се обраќа ним. Така, браќата на момчето, кои на невестата ѝ се девери, таа ќе мора да ги ословува со "брате", "бате". Покрај ословувањето во секојдневната комуникација, оваа состојба најмногу ја сретнуваме во песните, во кои се гледа и еден вид "учење" на невестата од страна на нејзиното семејство за да си го добие својот углед во новото семејство. Така, на невестата ѝ се советува деверите да ги ословува со "брате", и покрај тоа што не ѝ се крвни браќа - "брат не ти е/ брате ќе речеш".

Врз основа на погореизнесеното можевме да ја видиме посредничката улога на деверите, која се зголемува при секое најавување на нов премин, а истата престанува со завршување на свадбениот обред, со што тие ја исполниле и нивната улога - сродување на две личности и две семејства.

**ЗАБЕЛЕШКИ**


Špiro Kulišić, *Tragovi arhaične porodi e u svadbenim običajima Crne Gore i Boke Kotorske.* ГЗМ у Сарајеву, Историја и етнографија, нова серија, св. XI, Сарајево, 1956, стр. 228-234.

Bojan Jovanović, *Magija srpskih obreda,* Svetovi, Novi Sad, 1993.

Тихомир Ђорђевић, "Товијине ноћи" во: *Наш народни живот*, 3, Београд, 1984, стр. 337.

J. Chevalier & A. Gheerbrant, *Rječnik simbola. Motivi, sni, običaji, geste, obli i, likovi, boje, brojevi.* Nakladni zavod MH, Zagreb.

Dž. K. Kuper, *Ilustrovana enciklopedija tradicionalnih simbola.* Prosveta - Nolit, Beograd-Ljubljana, 1986.

Marsel Mos, "Ogled o daru. Oblik i smisao razmene u arhaičnim društvima", vo: *So ijalna antropologija* II. Prevela sa francuskog Ana Moralić, Biblioteka XX vek, 53/2, Prosveta, Beograd, 1982.

Bruno Betelhajm, *Znacenje bajki.* Biblioteka Zenit, Beograd, 1979.

Љубинко Раденковић, *Симболика света у народној магији јужних Словена.* Просвета, Ниш, Балканолошки институт САНУ, Београд, Посебна издања, књ. 67, Библиотека Словенски свет, Ниш, 1996.

А.К. Байбурин, *Жилище в обрядах и представлениях Восточных Славян.* АНСССР, Институт Этнографии им. Н.Н. Миклухо-Маклая, Ленинградское отделение, "Наука", Ленинград, 1983.

Весна Петреска, *Семејниот обреден комплекс во Куманово и Кумановско.* Фолклорот во Куманово и Кумановско. Институт за фолклор "Марко Цепенков" - Скопје, Центар за култура "Трајко Прокопиев", Куманово, Куманово, 2000.
Милан Ристески, "Селска свадба" V, во: *Стремеж,* Списание за литературни, културни и општествени прашања, год. VIII, Скопје, 1962.
СМР - Ш. Кулишић, П. Ж. Петровић, Н. Пантелић, *Српски митолошки речник,* Нолит, Београд, 1970.